**Прашања од Акционерите поставени на Годишното Собрание на Акционери на ЖИТО ЛУКС АД Скопје и одговори од овластени лица на Друштвото**

На Годишното Собрание на акционери на ЖИТО ЛУКС АД Скопје , што беше одржано на 10-04-2012 г. во 14:00 ч. во просториите на Друштвото на бул. Македонско Косовска Бригада бр. 44, Скопје, беа поставени повеќе прашања од страна на акционерите, во врска со работењето на Друштвото во текот на 2011 г.

На поставените прашања од Акционерите, од име на Друштвото одговараше Г-дин Димитриос Плакуцис, Потпретседател на Управниот Одбор и Заменик Генерален Директор на ЖИТО ЛУКС АД Скопје.

1. Прашање од акционер: "Зошто се продадени продавниците во центарот на градот кои работеа профитабилно?"

   Одговор: "Од причина што целокупната дејност - малопродажба не беше профитабилна и беше најдобро сите продавници да се отуѓат. Доколку ги задржевме оние продавници кои беа рентабилни, во тој случај ќе имавме проблеми, односно нема да најдевме купувачи само за непрофитабилните продавници. "
2. Прашање од акционер: " Што е со машините и опремата од линијата за смрзнато? "
   Одговор: " Што се однесува на машините и опремата од линијата за смрзнато, истите се продадени затоа што Друштвото одлучи да се фокусира на профитабилна дејност, за која ги имаме сите умешности и со која знаеме да се справиме. "

3. Прашање од акционер: "Колку вработени има во Жито Лукс АД Скопје? " Одговор: "Во Жито Лукс АД Скопје има 414 вработени, заклучно со 31-12-2011 г. "
4. Прашање од акционер: "Дали и кога ќе се исплаќа дивиденда за акционерите? "Одговор: " Што се однесува до Дивидендата, ние согласно Законот сме обврзани најпрво да ја покриеме загубата од минатите години, па дури потоа да делиме дивиденда. "